**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: 11 февруари 2025 година

Архивски број: 50-1624/ 5

До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, што го утврди на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: м-р Љубомир Куноски, советник

Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение

Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор

Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник

Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и

д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

ПОВЕРЕНИК: д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид

Скопје, февруари 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Автопатните делници Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид се важни за поврзувањето и развојот на градовите во Република Северна Македонија. Автопатната делница Кичево-Охрид е дел и од Коридорот 8 и истата претставува стратешки проект и цел на Република Северна Македонија. Со оглед дека Коридорот 8, кој почна да се гради забрзано со Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар - Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа – Струга - Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на Автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, се однесува на Делницата: Тетово – Гостивар – Букојчани и автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан, а дел од патните делници со Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, се појавува потребата од забрзана изградба и поврзување на овие важни патишта во Македонија, пред се бидејќи се од особена важност и за поврзувањето со соседните држави како и  развој на туризмот и економијата.

Имено основниот текст на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид со кој се имало за цел воведување на изградбата на автопатните делници како стратешки интерес е донесен во 2013 година, односно пред 12 години, што е долг временски период, особено доколку се има во предвид дека постојниот пат кој води од Гостивар до Кичево односно од Кичево до Охрид минува низ планински превои кои го отежнуваат односно забавуваат движењето. Воедно самата фреквенција на овие патни делници особено во летниот период го оневозможува непреченото движење кон градот Охрид, што е најчесто користена летна дестинација во Македонија, како од домашни, така и од странски туристи. Секако она што е најважно освен забрзаната изградба на нов и модерен автопат е и неговата безбедност, па со Предлог законот имајќи ја во предвид затекнатата фактичка состојба се има за цел и вклопување на постојни и веќе изградени објекти кои се нашле на проектираната делница.

Согласно Предлогот на закон за изградбата и пуштањето во употреба на патните делници се применуваат одредбите од Законот за урбанистичко планирање, Законот за градење, Законот за јавни патишта, Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за катастар на недвижности, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Со цел забрзана изградба на патните делници се јавува потребата од специфични технички елементи за проектирање, изградба и реконструкција на патните делници, како и сепцифични стандарди и нормативи за проектирање на објектите на патните делници, а пред се поради затекнатите објекти кои се веќе изградени и имаат потреба од вклопување во „новото автопатско решение“, што ќе овозможи забрзан, непречен и пред се безбеден развој на сообраќајното поврзување. Воедно имајќи ги во предвид постојните недостатоци од аспект на изградбата, пуштењето во употреба и запишувањето во катастарот на недвижности на патните делници, се појави и потребата од регулирање на поинаков начин на дел од чекорите кои доведуваат до целосно функционално автопатско решение.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид се подобри и поефикасни технички елементи за проектирање, изградба и реконструкција на патните делници, како и сепцифичните стандарди и нормативи за проектирање на објектите на патните делници, со цел брза а

поквалитетна изградба и пуштање во употреба на цела или дел од автопатната делница, согласно моменталната изградба односно статус на терен.

Со ова ќе се овозможи економски развој во повеќе сегменти од општествениот живот во засегнатите градови и на целата територија на Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид не предизвикува дополнителни финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, со оглед дека истите се веќе обезбедени.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид

Член 1

Во Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18, 208/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/20, 285/21, 76/24 и 187/24) во член 3 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За изградбата и пуштањето во употреба на патните делници од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од Законот за урбанистичко планирање, Законот за градење, Законот за јавните патишта, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за катастар на недвижности, доколку со овој закон не е поинаку уредено.“

Член 2

По членот 3 се додаваат три нови члена 3-а, 3-б и 3-в кои гласат:

„Член 3-а

Патните делници од член 3 од овој закон се проектираат, градат и реконструираат во согласност со одредбите од овој закон и не се предмет на предбележување во катастарот на недвижности.
Проектната документација за патните делници од член 3 од овој закон се изработува согласно одредбите од овој закон.
Техничките елементи за проектирање, изградба и реконструкција на патните делници од ставот 1 на овој член и на објектите на патните делници ги пропишува министерот за транспорт по претходно позитивно мислење од Јавното претпријатие за државни патишта.
Стандардите и нормативите за проектирање на објектите на патните делници од став 1 на овој член ги пропишува министерот за транспорт.

Член 3-б

Во случај на постојни и изградени придружно услужни објекти на патната делница од член 3 од овој закон која не е пуштена во употреба и која не е започната со привремено користење согласно член 87-а од Законот за градење, приклучувањето на истите ќе се предвиди во проектната документација како непредвидени и дополнителни градежни работи, согласно прописите од членот 3-а од овој закон.
Патната делница како и придружно услужните објекти од став 1 на овој член се приклучуваат согласно режимот на сообраќај од ставовите 3, 4, 5 и 6 на овој член.
Времен режим на сообраќај или привремена употреба на патната делница или дел од патната делница од став 1 на овој член, се утврдува врз основа на одобрена проектна документација изготвена согласно овој закон и известување од надзорот дека истата е изградена согласно проектот со кој е проектирана.
Времен режим на сообраќај на патната делница или дел од патната делница од став 1 на овој член во делот на приклучокот на постојните и изградени придружно услужни објекти од став 1 на овој член, се утврдува врз основа на одобрена проектната документација изготвена согласно овој закон и известување од надзорот дека истата е изградена согласно проектот со кој е проектирана.
Трајниот режим на сообраќај на патната делница или дел од патната делница од став 1 на овој член се утврдува врз основа на одобрена проектната документација

изготвена согласно овој закон и известување од надзорот дека истата е изградена согласно проектот со кој е проектирана.
Трајниот режим на сообраќај на патната делница од став 1 на овој член во делот на приклучокот на постојните и изградени придружно услужни објекти од став 1 на овој член, се утврдува врз основа на одобрена проектна документација изготвена согласно овој закон и известување од надзорот дека истата е изградена согласно проектот со кој е проектирана.
Известувањата од ставовите 3, 4, 5 и 6 на овој член, надзорот ги доставува до инвеститорот најдоцна во рок од десет дена од денот на изградбата на патната делница или дел од патната делница, а инвеститорот во рок од седум дена по добиеното известување од надзорот ги известува за утврдениот времен односно траен режим од ставовите 3, 4, 5 и 6 на овој член Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт-Државниот инспекторат за транспорт.
Во прилог кон известувањето од ставот 7 на овој член, за утврдениот времен односно траен режим што инвеститорот го доставува до Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт-Државниот инспекторат за транспорт, се доставува и соодветната одобрена проектна документација од ставовите 3, 4 ,5 и 6 на овој член.
Проектната документација од овој член согласно прописите од членот 3-а од овој закон, задолжително содржи и сообраќаен проект кој може да содржи услови и режим на сообраќајот, ситуационен план, план на сообраќајни знаци, прегледност на крстосниците, потребен простор за стациониран сообраќај, програма за работа на светлосната сигнализација, план за заштита и опрема на патот или улицата, план за хортикултурно уредување, план за регулирање на сообраќајот на раскрсниците, како и други елементи од значење за безбедноста на сообраќајот. Покрај наведените податоци, сообраќајниот проект може да содржи и прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, пресметка на пропусната моќ на патот и улиците, како и план за осветлување.

Член 3-в

Одобрението за употреба за патната делница од член 3-б од овој закон се утврдува врз основа на известување од страна на надзорот со завршен извештај за извршен надзор согласно проектната документација од прописите од член 3-а од овој закон или врз основа на известување од страна на надзорот со проектот на изведена состојба, доколку се извршени измени во текот на изградбата.
Известувањето од став 1 на овој член надзорот го доставува до инвеститорот најдоцна во рок од десет дена од денот на изготвување на завршниот извештај, односно проектот на изведена состојба.
Инвеститорот е должен да го достави завршниот извештај односно проектот на изведена состојба од став 2 на овој член најдоцна во рок од седум дена до надлежниот орган за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите со цел упис на патната делница од член 3-б од овој закон во катастарот на недвижности.“

Член 3

Во член 7 во ставот 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.
Во ставот 4 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.
Во ставот 5 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.
Во ставот 11 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 4

Во член 8 во ставот 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 5

Во член 13 во ставот 6 зборовите „транспорт и врски“ се заменуваат со зборот „транспорт“.

Член 6

Во член 14 во ставот 6 зборовите „транспорт и врски“ се заменуваат со зборот „транспорт“.

Член 7

Во член 15 во ставот 7 зборовите „транспорт и врски“ се заменуваат со зборот „транспорт“.

Член 8

Во член 16 во ставот 7 зборовите „транспорт и врски“ се заменуваат со зборот „транспорт“.

Член 9

Во член 19 во ставот 3 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид е систематизиран во 10 члена.

Со членот 1 се менува член 3 од основниот текст на Законот, така што се додава нов став 3 со кој се предвидува можноста да биде уредена спецификата во одделни делови од изградбата, проектирањето и пуштањето во употреба на патните делници предвидени со овој закон како lex specialis.

Со членот 2 се додаваат три нови члена 3-а, 3-б и 3-в кои содржат специфични одредби во однос на делот на изградбата и пуштањето во употреба на конкретни патни делници во однос на одредбите предвидени во Законот за градење, Законот за урбанистичко планирање, Законот за јавни патишта и Законот за безбедност во сообраќајот, кои не биле прилагодени на ваков вид градба.

Имено, согласно член 3 став 1 од основниот текст на законот се предвидува изградба на патните делници со нова патна траса што опфаќа изработка на проектна документација, изведување на претходни работи, изградба на нова градба и непредвидени и дополнителни градежни работи, со цел за целосно завршување на проектот, согласно со прописите за градење за време на реализација на договорите од ставот 2 на овој член, а со ставот 2 од истиот член е уредено склучувањето на договори помеѓу изведувачот на градбата и Јавното претпријатие за државни патишта.
Меѓутоа имајќи ја во предвид потребата од вклопување и целосна функционалност на веќе изградени и затекнати обејкти на патната траса, со оглед дека изградбата на автопатот беше во застој подолг временски период, како и самата негова забрзана изградба бидејќи е од суштинско значење за развојот, со новододадениот член 3-а се има за цел воведување на овлстување за донесување на подзаконски акти кои покрај постојните стандарди и нормативи односно технички елементи потребни за изградба на инсфраструктурни објекти согласно Законот за градење односно Законот за урбанистичко планирање и Законот за јавни патишта ќе содржат некои специфични „решенија“ имајќи ја во предвид фактичката затекната состојба, при изградбата.
Со членот 3-б се доуредува спецификата за пуштањето во употреба на патната делница, односно дел од патната делница како и објектите на истата, имајќи ги во предвид спецификите од членот 3-а во однос на делот на специфични технички елементи и стандарди и нормативи, како претходен чекор.
Со членот 3-в се уредува спецификата во однос на одобрението за употреба на патната делница (со завршен извештај односно прокет на изведена состојба доколку се извршени измени во текот на изградбата) како и уписот во катастарот на недвижности, со цел целосно завршување на проектот односно автопатната делница и нејзината функционалност.

Со членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 се усогласува називот на Министерството согласно последните измени на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Министерство за транспорт), односно се усогласува називот на државата - Република Северна Македонија.

Со членот 10 се уредува влегувањето во сила на законот, кој иако не е обемен и сложен поради транспарентност на процесот односно важноста и сериозноста на проектот (изградба на автопатните делници)се предлага во редовна, а не скратена постапка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи забрзана а квалитетна изградба на автопатот, согласно современи стандарди што ќе доведе до планираниот економски развој, имајќи во предвид дека е поминат подолг временски период од 2013 година со цел негова крајна реализација.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТНА ДЕЛНИЦА МИЛАДИНОВЦИ - ШТИП И ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО – ОХРИД ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 3

Изградбата на патните делници од членот 1 од овој закон опфаќа изградба на патните делници со нова патна траса што опфаќа изработка на проектна документација, изведување на претходни работи, изградба на нова градба и непредвидени и дополнителни градежни работи, со цел за целосно завршување на проектот, согласно со прописите за градење за време на реализација на договорите од ставот 2 на овој член.

За изградба на патните делници од членот 1 од овој закон се склучува Договор за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и Договор за изградба на патна делница Кичево - Охрид меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на градбата.

Член 7

По склучувањето на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон, изведувачот на работите се стекнува со право на градење согласно со членот 3 од овој закон, а градежните работи ќе ги врши во име и за сметка на Република Македонија согласно со договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон.

Изведувачот е задолжен да ги обезбеди сите потребни дозволи и сертификати согласно со прописите за градење, просторно планирање, безбедност, животна средина, заштита на културно наследство и други прописи кои ќе имаат влијание за започнување на градежните активности.

Пред почетокот на градежните активности изведувачот има право на авансна исплата од 15% од вкупната цена на договорот.

Изведувачот е должен да ангажира подизведувачи со седиште во Република Македонија кои се регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија пред 1 јануари 2012 година. Вредноста на работите кои ќе ги изведуваат подизведувачите е најмалку 49% од вкупната цена на договорите од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон.

Изведувачот е должен да користи подизведувачи, набавка на градежни материјали и други стоки и услуги кои се потребни за спроведување на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон произведени и изработени во Република Македонија во износ од најмалку 49% од вкупната цена на договорите од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон.

Вкупниот број на вработени македонски граѓани кои во кој било момент треба да бидат ангажирани од страна на изведувачите и подизведувачите треба да изнесува најмалку 51% од вкупниот број на ангажирани работници. Изведувачот склучува договор со подизведувачите по претходно добиено одобрение од вршителот на надзор на градбата.

Изведувачот во рок од седум дена од потпишувањето на договорот со подизведувачот поднесува комплетен примерок од потпишаниот договор со подизведувачот до вршителот на надзор на градбата.

За договори за подизведување со вредност над 3% од вкупната цена на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон, вршителот на надзор на градбата е должен да обезбеди одобрение од Јавното претпријатие за државни патишта пред тој да му даде одобрение на изведувачот.

Изведувачот е обврзан да изврши плаќање за работите извршени од подизведувачот во рок од 30 дена од денот кога Јавното претпријатие за државни патишта ќе изврши плаќање на изведувачот.

Изведувачот е должен да дозволи вршење на увид на вршителот на надзор на градбата во однос на сите извршени плаќања кон подизведувачите.

Изведувачот е должен пред потпишувањето на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон да даде изјава заверена на нотар до Јавното претпријатие за државни патишта дека е запознаен со цените за изведување на градежните работи, материјалите и другите стоки на пазарот во Република Македонија кои се потребни за спроведување на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон дека истите ги има вклучено во неговата анализа за ризици од зголемување на цените и дека висината на вкупната цена на договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон ја формирал согласно со тие цени.

Член 8

Решавањето на имотноправните односи на земјиштето предвидено за изградба и реконструкција е на товар на Република Македонија.
Начинот и условите на започнувањето на постапката за изградба на патните делници, како и начинот и условите на примопредавањето на патните делници по изградбата се утврдуваат со договорите за изградба од членот 3 став 2 и анексите од членот 5 од овој закон.
По исклучок од ставот 2 на овој член, во случај да се започне со привремено користење на патните делници врз основа на позитивен извештај за привремена употреба на градбата изготвен од страна на надзорниот инженер кој вршел надзор над изградбата и е донесено решение за одобрен режим на сообраќај од надлежен орган, периодот за пријавување на недостатоци е две години од датумот на започнување со привремено користење на градбата.
За патната делница Миладиновци-Штип започната со привремено користење се смета дека завршил периодот за пријавување недостатоци со денот на влегувањето во сила на овој закон и ќе се вратат банкарските гаранции на изведувачот, а надзорниот орган може да издаде потврда за добро извршени работи. За патните делници Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид, како известување за започнување на изградбата во смисла на одредбите од Законот за градење кои се однесуваат на започнување со градење, може да се смета и допис од надзорен инженер за воведување во работа или извадок од прва страна од градежен дневник потпишан од надзорен инженер.
Издадените одобренија за градење за патните делници Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид продолжуваат да важат до завршување на градбата, а најдоцна до издавање на правосилно одобрение за употреба и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот со решение ќе го продолжи рокот за завршување на изградбата до издавање на правосилно одобрение за употреба.

Член 13

Доколку изведувачот од членот 11 од овој закон набави добра или користи услуги за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, на барање на изведувачот ќе му се изврши враќање на данокот на додадена вредност, доколку е платена фактурата и доколку во истата е одделно искажан данокот на додадена вредност од страна на даночниот обврзник според членот 53 од Закон за данок на додадена вредност.
Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец Барање за враќање на данок на додадена вредност за изградба на патна делница (БДДВИПД), кој се поднесува до Јавното претпријатие за државни патишта. Кон барањето се приложуваат фактури и сметки во оригинал, како и доказ за извршено плаќање. Образецот на барањето се доставува во три примероци, од кои едниот по заверка за прием се враќа на изведувачот.
Јавното претпријатие за државни патишта, доколку утврди дека образецот на барањето е соодветно потполнет, а фактурите и сметките се однесуваат на промети за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон и истите се платени, еден примерок од образецот на барањето, заедно со своето позитивно мислење и

документацијата, најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето ги доставува до Управата за јавни приходи.
Доколку Јавното претпријатие за државни патишта утврди дека образецот од ставот 2 на овој член не е соодветно потполнет, или пак не се доставени потребните документи во прилог на барањето, за истото ќе го извести изведувачот во писмена форма најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето. о прием на документите од ставот 3 на овој член, Управата за јавни приходи е должна да одлучи по барањето најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на документите и да изврши враќање на данокот на додадена вредност на сметката на изведувачот.
Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.
За вратениот данок на додадена вредност од овој член изведувачот од членот 11 од овој закон нема право на одбивка на претходен данок согласно со Законот за данок на додадена вредност.

Член 14

За прометот кој е извршен кон изведувачот од членот 11 од овој закон, за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, за кој истиот е даночен должник согласно со членот 32 точка 4 од Законот за данокот на додадена вредност, е ослободен од обврската да пресмета и плати данок на додадена вредност.
За примена на ослободувањето од ставот 1 на овој член изведувачот од членот 11 од овој закон доставува известување на пропишан образец известување за ослободување од обврска за плаќање на данок на додадена вредност за изградба на патна делница (ИДДВ –ИПД) до Јавното претпријатие за државни патишта најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на фактурата. Кон известувањето се приложува и копија од фактурата.
Образецот од ставот 2 на овој член се доставува во три примероци од кои едниот по заверката за прием се враќа на изведувачот.
Јавното претпријатие за државни патишта, доколку утврди дека образецот на барањето е соодветно потполнет, а фактурата се однесува на промети за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, ќе го извести изведувачот со позитивно мислење во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето.
Доколку Јавното претпријатие за државни патишта утврди дека образецот од ставот 2 на овој член, не е соодветно потполнет, или пак фактурата не се однесува на промети за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, за истото ќе го извести изведувачот во писмена форма во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето, со што нема да се примени ослободувањето од ставот 1 на овој член.
Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 15

Доколку изведувачот од членот 11 од овој закон изврши набавка на патнички автомобили или минерални масла, за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, на барање на изведувачот ќе му се изврши враќање на акцизата, доколку е платена фактурата.
Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец барање за враќање на акциза за изградба на патна делница (БА-ИПД), кој се поднесува до Јавното претпријатие за државни патишта. Кон барањето се приложуваат фактури и сметки во оригинал, како и доказ за извршено плаќање.
Образецот на барањето се доставува во три примероци од кои едниот по заверката за прием се враќа на изведувачот. Јавното претпријатие за државни патишта, доколку утврди дека образецот на барањето е соодветно потполнет, а фактурите и сметките се однесуваат на набавката на патнички автомобили или минерални масла, за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон и истите се платени, еден примерок од образецот на барањето, заедно со своето позитивно мислење и

документацијата, најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето ги доставува до Царинската управа.

Доколку Јавното претпријатие за државни патишта утврди дека образецот од ставот 2 на овој член не е соодветно потполнет, или пак не се доставени потребните документи во прилог на барањето, за истото ќе го извести изведувачот во писмена форма најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето.

По прием на документите од ставот 3 на овој член Царинската управа е должна да одлучи по барањето најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на документите и да изврши враќање на акцизата на сметката на изведувачот.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 16

При увоз на добра/стоки од страна на изведувачот од членот 11 од овој закон истите се ослободуваат од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акциза, доколку кои се наменети за изградба на патните делници од членот 1 од овој закон.

За остварувањето на правото на ослободување од ставот 1 на овој член на царинскиот орган му се поднесува потврда издаден од Јавното претпријатие за државни патишта на пропишан образец за потврда за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акциза за изградба на патна делница (ПЦДА –ИПД) дека добрата/стоките што се увезуваат се наменети за изградба на патните делници од членот 1 од овој закон .

Потврдата од ставот 2 на овој член се издава по барање на изведувачот од членот 11 од овој закон.

Барањето од ставот 3 на овој член се поднесува на пропишан образец барање за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акциза за изградба на патна делница (БЦДА –ИПД) во три примероци до Јавното претпријатие за државни патишта и кон истото се приложуваат фактури или друг комерцијален документи за купопродажба издадена од странскиот испорачател кон изведувачот од членот 11 од овој закон.

Јавното претпријатие за државни патишта, доколку утврди дека образецот од ставот 4 на овој член е соодветно потполнет, а фактурата или документот од ставот 4 на овој член се однесува на промети за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, ќе ја издаде потврдата од ставот 2 на овој член во рок од пет дена од денот на приемот на барањето.

Доколку Јавното претпријатие за државни патишта утврди дека образецот од ставот 4 на овој член не е соодветно потполнет, или пак фактурата или документот од ставот 4 на овој член не се однесува на промети за цели на изградба на патните делници од членот 1 од овој закон, за истото ќе го извести изведувачот во писмена форма во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, со што нема да се примени ослободувањето од ставот 1 на овој член.

Формата и содржината на образецот од ставот 2 на овој член и образецот од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 19

Изведувачот е должен секој месец, најдоцна до 10 во месецот, до Јавното претпријатие за државни патишта да доставува и да презентира редовни месечни извештаи за извршените работи и прогресот на активностите од претходниот месец.

За реализација на сите градежни активности за изградба и по исполнувањето на сите обврски предвидени со договорите за изградба од членот 3 став 2 од овој закон и Анекс бр.1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип и Анекс бр.1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид и Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево –Охрид, како и Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Свети Николе - Штип и Анекс бр. 3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид и Анекс бр. 4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-

Охрид и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид и Анекс бр. 7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, изведувачот во рок од 90 дена доставува финален извештај за завршените градежни работи до вршителот на надзорот на градбата, а вршителот на надзорот на градбата во рок од 90 дена од добивањето на извештајот од изведувачот доставува извештај до Јавното претпријатие за државни патишта.

Јавното претпријатие е должно да доставува тримесечни извештаи за реализацијата на договорите за изградба од членот 3 став 2 од овој закон и Анекс бр.1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип и Анекс бр.1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид и Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, како и Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Свети Николе – Штип и Анекс бр. 3 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид и Анекс бр. 4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид и Анекс бр. 7 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, до Владата на Република Македонија, а во рок од 90 дена од добивањето на извештајот од вршителот на надзорот на градбата доставува завршен извештај за реализација на инфраструктурните проекти од членот 1 од овој закон до Собранието на Република Македонија.